Адреса Македонија бб. 1000 Скопје
Тел. 02 3289 054
Централа 02 3289 054
Факс. 02 3289 048
Е-пошта info@fzo.org.mk

Бр. 03 - 2840/ 1
01-03-2017. 2017 година

Од: Фонд за здравствено сигурување на Македонија

До: Лекарска Комора на Македонија
ул. Партизански одреди бр. 3
Скопје

До: Здружение на приватни лекари на Македонија
ул. Благој Ѓорев 159
Велес

Копија до: Фонд за здравствено сигурување на Македонија
Подрачна служба -------------

Предмет: Известување

Почитувани,

Со Законот за здравствено осигурување, уредени се односите во областа на здравственото осигурување кои се однесуваат на осигурените лица, правата и обврските кои произлегуваат од здравственото осигурување. При тоа таксативно се наброени случаите кога може да се оствари право на надоместок на плата, меѓу кои е правото на негување на болен член на потесно семејство над три годишна возраст, но најмногу до 30 дена.

Со Законот за семејство, дефинирано е дека семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Овој закон не го определува поимот потесно семејство, меѓутоа овој поим може да биде определен со друг матичниот закон, во зависност од потребите на областа која се регулира со тој закон. Во конкретниот случај тоа е Законот за здравствено осигурување.

Врз основа на тоа, со Законот за здравствено осигурување (како матичен закон) е определено дека како членови на потесно семејство на осигуреникот, се сметаат брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување. Тоа значи дека во делот на користењето на правата од здравственото осигурување, во пиомот потесното семејство се исклучуваат родителите на осигуреникот, баба, дедо, внуци, свекор, свекрва и слично.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел: 02 3289 054
Централа: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Според тоа правата од задолжителното здравствено осигурување, како што е правото на боледување за негување на болен член на потесно семејство над три годишна возраст, но не повеќе од 30 дена, избраниот лекар може да издаде само за членовите на потесното семејство на осигуреникот( брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување).

Со почит

Изготвил: Јасмина Смилевска
Д-р Лила Коџоман
Согласен: Даниела Јовческа Ѓуроска
Зоран Крајоски

**Директор**
**Д-р Сашо Стефаноски**

**Директор**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**